Упр. Бр. 08-21

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/2014, 53/14 и 83/18) и член 124 став (1) алинеа 3 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/20215) постапувајќи по предлогот за огласување на решение за ништовно доставен од КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО, Умка, ул. Тринаесетти октомври бр.1, Умка Србија и НУТРИВЕТ ДОО Скопје, ул. Лисец бр.1Б Скопје, Република Северна Македонија доставено преку адвокатско друштво Дебарлиев Дамески и Ќелешоска од Скопје, на седница одржана на ден 03.10.2024 година, го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Предлогот за огласување за ништовно на Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп.бр. 08-21 од 20.03.2024 година доставен од КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО, Умка, ул. Тринаесетти октомври бр.1, Умка Србија и НУТРИВЕТ ДОО Скопје, ул. Лисец бр.1Б Скопје, Република Северна Македонија СЕ ПРИФАЌА.

2. Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата Уп.бр.08-21 од 20.03.2024 година, СЕ ОГЛАСУВА ЗА НИШТОВНО БИДЕЈЌИ ИСТОТО ВООПШТО НЕ МОЖЕ ДА СЕ ИЗВРШИ.

## О б р а з л о ж е н и е

КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО, Умка, ул. Тринаесетти октомври бр.1, Умка Србија и НУТРИВЕТ ДОО Скопје, ул. Лисец бр.1Б Скопје на 18.09.2024 година доставија допис до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) со кој бараат Комисијата да го огласи за ништовно Решението на Комисијата Уп.бр. 08-21 од 20.03.2024 година.

Во дописот КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО, Умка Србија и НУТРИВЕТ ДОО Скопје наведуваат дека правниот основ на концентрацијата (Меморандум за разбирање од 05.06.2023 година) за која е поднесено Известување за концентрација на 05.07.2023 година од страна на КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО, Умка Србија и НУТРИВЕТ ДОО Скопје и врз основа на кое Комисијата го донела решението уп.бр.08-21 од 20.03.2024 година е раскинат по пат на меѓусебна спогодба.
Спогодбата за раскинување на Меморандумот за разбирање од 05.06.2024 година е доставена во прилог на дописот.

Согласно наведеното, а поради неможноста за исполнување на обврските од страна на КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО,  Умка Србија и  НУТРИВЕТ ДОО Скопје  наложени со решението на Комисијата упр.08-21 од  20.03.2024 година, КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО, Умка Србија и  НУТРИВЕТ ДОО Скопје  бараат Комисијата да донесе соодветна одлука со која ќе го констатира раскинувањето на правниот основ на предметната концентрација и поништувањето на решението.

<u>Комисијата со решение упр.бр. 08-21 од 20.03.2024 година</u>:
1.Утврди дека концентрацијата за која е поднесено известување од страна на  КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО, Умка, ул. Тринаесетти октомври бр.1, Умка Србија и  НУТРИВЕТ ДОО Скопје, ул. Лисец бр.1Б Скопје,, со која КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО, Умка Србија  и НУТРИВЕТ ДОО Скопје имаат намера извршат спојување на бизнисот за собирање, транспорт,  складирање и третман на неопасен отпад на НУТРИВЕТ ДОО Скопје, со бизнисот на ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Борис Трајковски бр.87 Скопје – Кисела Вода, а воедно ЕКО СТАР РЕЦИКЛАЖА ДООЕЛ Скопје ќе ја откупи опремата за транспорт на неопасен отпад од  Друштвото за производство, трговија и услуги ЕКОПАК СКС ДОО Скопје  со седиште на ул. Ѓорѓи Абаџиев бр.12 Скопје нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците во концентрацијата и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 20 став (1) точка 1) од истиот Закон, под услов да се исполнат превземените обврски доставени на  15.03.2024 година, а согласно член 20 став (1) точка 3) од  Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Наложи обврска подносителите на известувањето КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО, Умка, ул. Тринаесетти октомври бр.1, Умка Србија и  НУТРИВЕТ ДОО Скопје, ул. Лисец бр.1Б Скопје, да ги исполнат во целост „Предлог изменети обврски на Страните  со цел постигнување концентрацијата да е во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата“доставени со допис од 15.03.2024 година, на начин и во роковите утврдени во Изменетите обврски, а со цел да се постигне дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата ги ценеше наводите изнесени во барањето дека горенаведената концентрација не се реализирала, односно дека не се исполниле обврските наложени со решението во предвидениот рок, како и дека е раскинат правниот основ на концентрацијата, односно дека на 17.09.2024 година е склучена  Спогодбата за раскинување на Меморандумот за разбирање од 05.06.2024 година и истите ги прифати како причини поради кои Решението на Комисијата Уп.бр.08-21 од 20.03.2024 година воопшто не може да се изврши.

Каква било идна концентрација помеѓу КАППА СТАР РЕСАЈКЛИНГ ДОО, Умка, ул. Тринаесетти октомври бр.1, Умка Србија и  НУТРИВЕТ ДОО Скопје, ул. Лисец бр.1Б Скопје, ако воопшто

има, ќе претставува нова концентрација за која ќе постои обврска за доставување на известување до Комисијата согласно Законот за заштита на конкуренцијата.

Врз основа на горенаведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**Упатство за правно средство:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Ана Николоска